Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
НИКОЛА КАРЕВ
Бр. 03-283/2
21.05.2026 год.
Радовиш
ООУ "Никола Карев"

ООУ „НИКОЛА КАРЕВ“ – РАДОВИШ

# КОНКУРС ЗА ИЗБОР
# НА
# ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА И СПОРТИСТ НА ГЕНЕРАЦИЈА

ООУ „Никола Карев“ – Радовиш, распишува интерен конкурс за избор на првенец на генерација 2017 – 2026 година (ученик од IX одд.) и спортист на генерација 2017 – 2026 година (ученик од IX одд.).

- Конкурсот е отворен од **21.5.2026 – 3.6.2026 година**.

- Учениците кои се заинтересирани за аплицирање на конкурсот, во наведениот рок треба да ги поднесат документите во ООУ „Никола Карев“ (во затворена папка со назнака за која категорија се аплицира).

- Учениците треба да го запазат определениот временски рок, а во спротивно задоцнетите апликации нема да бидат разгледувани од Комисијата.

  Одделенските раководители на сите ученици – апликанти, треба да им дадат насоки за подготвување на потребните документи за аплицирање на конкурсот.

- Учениците од IX одд. кои ќе аплицираат за **првенец на генерација** и **спортист на генерација** треба да доставуваат документи од прво до деветто одделение, односно од учебната 2017/18 година до 2025/26 година.

- Апликациите треба да бидат уредно подготвени, документите да бидат ставени во папка, а секој документ систематизиран со други слични на него по некој основ (учебна година, предмет, назив на документ...), за полесно разгледување и анализа.
- Во апликацијата ученикот треба да приложи своја кратка биографија (CV).

- Ученикот доставува копии од добиени дипломи, признанија, награди и сл. за освоено место на училишни, општински, регионални и државни натпревари и конкурси на кои е испратен од нашето училиште во текот на целиот воспитно-образовен процес за сите девет години основно образование.
  **** За да ги обезбеди потребните дипломи, признанија, награди...ученикот треба да стапи во контакт со наставниците – ментори под чие водство настапувал на натпреварите и конкурсите. Доколку ученикот првично бил запишан во друго училиште а со официјална преведница е префрлен во нашето, тогаш сите горе споменати документи му се уважуваат.*

Критериумите за избор на првенец на генерација, спортист на генерација и најдобар ученик на одделение се објавени на училишната веб страна www.oounikolakarev.mk и се истакнати на огласната табла во училиштето.

**В.Д. Директор**
Анита Митева Цветковски